Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 27.11.2023

Денеска (27.11.2023) во 00.20 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.Н.(29) од С.Арачиново, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.11.2023 во 13.40 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Т.(26) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.11.2023 во 12.40 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Т.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.11.2023 во 11.50 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода Х.Б.(29) од Република Албанија. При контрола во автобус со албански национални ознаки, во кој се превезувал, кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 26.11.2023 во 13.00 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода С.В.(37) од Грузија, затоа што при извршена контрола и проверка било констатирано дека еменската возачка дозвола, која ја приложил на увид, била фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 26.11.2023 во 20.00 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода Ј.С.(47) од Украина, затоа што при извршена контрола и проверка било констатирано дека украинската возачка дозвола, која ја приложил на увид, била фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (26.11.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возачи кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 589 возачи. Од нив 34 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената, а пет возила се движеле со брзи над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 300 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 289 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (26.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 129 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 58 санкции, 16 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

Во текот на вчерашниот ден (26.11.2023), во периодот од 16.00 до 20.00 часот, Секторот за сообраќајни работи при Одделот за униформирана полиција, Биро за јавна безбедност и Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патишта спроведоа акциска контрола на територијата на општиот „Студентски“ во Скопје за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 46 возачи, од кои 27 за возење без возачка дозвола, осум санкции поради измината важност на сообраќајната дозвола, три мерки за непропишо вградени фолии (затемнети стакла), две возила се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава... На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 26.11.2023 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош, В.П.(54) од Скопје приајвил дека на ул.„Иван Цанкар“ бил каснат од куче скитник.

На 26.11.2023 во 15.50 часот во Полициската станица Гази Баба, М.М.(62) од Скопје приајвил дека во Парк шумата Гази Баба бил каснат од куче скитник.

На 26.11.2023 во 00.10 часот во Полициската станица Драчево, Д.Н.(50) од Скопје приајвил дека на ул.„Иван Хаџиниколов“ неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 26.11.2023 во 20.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.Д.(32) од Куманово. Тој се сомничи дека на 24.11.2023 од трговски објект на улица „Иво Лола Рибар“ во Куманово одвел повеќе предмети. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а Д.Д. бил задржан во полициска станица и во службен разговор го признал делото. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Е.М.(29) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластувања“. Тој, во текот на 2023 година, како работен во АД „Македонски пошти“ - подружница во Општина Центар Жупа, со искористување на своја службена положба и со пречекорување на своето службено овластување, од сметката на акционерското друштво извршил неовластено присвојување на парични средства. Со тоа, приајвениот се стекнал со противправна имотна корист од 3.095.358 денари.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Ф.Н.(59) и Е.Н.(35), двајцата од Струга поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загадување на животна средина и природа со отпад“ и „узурпација на недвижности“. Тие, на 25.09.2023 на две локации на државно земјиште во Струга, без соодветна дозвола, извршиле импровизирано одградување на просторот каде неовластено вршеле собирање, откуп и продажба на отпаден материјал.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.К.(33) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори“. При контрола, извршена на 03.11.2023, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога го затекнале приајвениот во близина на неговиот дом во Охрид и при извршен преглед кај него пронашле и одзеле коканин.

На 26.11.2023 од 10.00 до 16.00 часот полициски службеници на СВР Тетово спроведе акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната, а во која вкупно беше изречени 136 мерки. При контролата беше откриени и санкционирани 78 возачи (ТЕ-29 и ГВ-49) кои ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место. Четири од нив (ТЕ-3 и ГВ-1) пречекориле за повеќе од 70 километри на час повеќе од дозволеното, а 19 (ТЕ-9 и ГВ-10) за повеќе од 50 километри на час. Покрај ова, санкционирани се и 29 возачи (ТЕ-11 и ГВ-18) кои ја пречекориле пропишаната брзина во населено место, како и 7 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-3 и ГВ-4). На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци со парични глоби од 45 до 400 евра во денарски противредност, зависно од големината на пречекорувањето. На оние кои пречекориле за повеќе од 30, 50 и 70 километри на час, во или надвор од населено место, времено ќе им бидат одземени и нивните возачки дозволи од три месеци до една година.

На 26.11.2023 околу 23.00 часот во ОВР Гостивар било приајавено дека во фабрика за марихуана за медицински цели во атар на С.Чегране, гостиварско, три лица физички нападнале работник кој обезбедува и му одзеле пари и лични предмети, по што со закана со пиштол го затвориле во една просторија. Според приајавеното, откако си заминале, тој излегол и забележал дека капијата од фабриката била отворена и дека две врати од внатрешниот дел биле искршени. Во консултација и координација со јавен обвинител, увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар и било утврдено дека од внатрешноста на објектот лицата одзеле 41 вреќа со вкупно 552,85 килограми марихуана. Се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот. Имено, на 04.10.2023 од страна на ОКП, по извршена вонредна контрола и претрес со судска наредба, во координација со Комисијата оценување исполнетост на условите во однос на просторот, опремата и кадарот за одгледување на канабис за медицински цели при Министерството за здравство биле констатирани неправилности во работењето на фабриката, одземените насушни канабис биле предадени на Агенцијата за управување со одземен имот, по што била поднесена кривична пријава против правното и одговорното лице согласно Законот за контрола на опојни дроги и покренута постапка за одземање на лиценцата.

На 26.11.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 65 прекршоци, од кои 39 надвор од населено место и 26 во населено место (18 - Делчево, 16 – Свети Николе, 9 – Штип , 7 - Виница, 7 – Берово, 6 – Кочани и 2 - Пробиштип). Санкционирани биле и 11 други видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 3 за управување возило под дејство на алкохол и 2 за некоректне на сигурносен појас.

На 26.11.2023 во периодот од 10.00 до 16.00 часот на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 65 прекршувања на брзината, од кои по 18 на подрачјата на Струмица и Радовиш, 16 на подрачје на Валандово и 13 на подрачје на Гевгелија. Од нив, 40 пречекорувања на брзината биле констатирани надвор од населено место, а 25 во населено место. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 26.11.2023 во периодот од 10.00 до 16.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници забележале и санкционирале возачи кои управуваше возила со брзина поголема од дозволената, и тоа во Охрид-20, Струга-12, Кичево-14 и во Дебар-16.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против З.К.(64) и С.С.(39), двајцата од Кичево, вработени во Шумското стопанство „Попушник“-Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата“. Двајцата, во текот на 2022 година, со пропуштање на должен надзор во рамките на своите овластувања, овозможиле двојно книжење и двојно плаќање на фактури кон правен субјект од Скопје, со што на ЈП „Национални шуми“ му предизвикале штета од 334.758 денари.

На 26.11.2023 околу 15.00 часот во СВР Скопје било приајавено дека на ул.„Никола Добровиќ“ настанал пожар, при што било опожарено сандаче со повеќе струјомери и осигурувачи. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Ѓ.Ј.(36) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“. На 01.08.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на приајавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

На 27.11.2023 во 08.35 часот, З.Г. од Скопје приајавила дека се сомнева дека нејзината ќерка В.Г. (14) е исчезната. Полициски службеници преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Ѓ.М.(33) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги“. На 02.08.2022 во двор на подрачното основно училиште во село Пепелиште, полициски службеници извршиле преглед над приајавениот, при кој притоа пронашле и одзеле коканин.

На 26.11.2023 во 16.25 часот во СВР Скопје, Е.С.(22) од Скопје приајавила дека на подрачјето на Гази Баба била физички нападната од С.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.11.2023 во 15.00 часот во СВР Скопје, 22-годишна жена приајавила дека во домот на подрачјето на Гази Баба била физичка нападната од нејзиниот невенчан сопруг А.Ј. (25) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.11.2023 во 22.20 часот во СВР Битола, М.Ј.(25) од Битола приајавила дека на ул. „Филип Втори Македонски“ била каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.С. од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување“. Приајавениот, врз основа на довербата од О.Ј. од Куманово, од неа земал за употреба патничко возило „опел корса“, а откако таа побарала да ѓи врати возилото, приајавениот одбил и почнал да ѝ се заканува.

На 26.11.2023 во 05.52 часот во Полициската станица Гази Баба било приајавено дека било влезено во финансиско друштво на ул.„Мајарје“ и биле одземени пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.11.2023 во 14.20 часот во СВР Тетово, З.К.(73) од гостиварско Врапчиште приајавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.П.(31) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“ и „овозможување на употреба на наркотични дроги“. На 18.07.2022, полициски службеници извршиле преглед над приајавениот и во возилото, во кое бил со уште две лица, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 26.11.2023 околу 13.00 часот во СВР Скопје било приајавено дека во подземна гаража на куќа на ул.„Срѓко Пужалка“ настанал пожар, при што било опожарено патничко возило „опел“ со скопски регистарски ознаки, сопственост на К.М.(82) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против С.П.(52) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без соодветна лиценца“. На 08.11.2023 во Дебар, полициски службеници извршиле проверка на патничко возило „фолксген пасат“, кое го управувал приајавениот, при што било констатирано дека истиот вршел такси дејност без да поседува соодветна лиценца.

На 26.11.2023 во 22.00 часот во Полициската станица Карпош, А.М.(49) од Скопје приајавил дека на ул.„Козле“ бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет